# БУЏЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## ВОДИЧ ЗА ГРАЃАНИТЕ

**Дали знаете дека Европа има свој буџет и дека секоја од земјите на Европската Унија придонесува кон него?**

Во просек, секоја година **140 000 000 000 €** влијаат на секојдневните животи на 500 милиони Европјани. Буџетот на Европската Унија се користи за да се исполнат целите на Европската Унија, било тие да се поврзани со социјалната благосостојба, економскиот развој или животната средина. Гледани како целина, овие прашања можат да се пресликаат во

- СТАБИЛНА ЕКОНОМИЈА И ВРАБОТЕНОСТ
- КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ
- ДОБРО ЗДРАВЈЕ И ПРАВИЛНА ИСХРАНА
- ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА
- ДОСТАПЕН ТРАНСПОРТ КОЈ СИТЕ МОЖАТ ДА СИ ГО ДОЗВОЛАТ

Истовремено, со оглед на тоа што буџетот на Европската Унија потекнува од даноците кои ги плаќа секој Европјанин[1], буџетот треба да се троши во интерес на јавноста.



# БУЏЕТОТ НА ЕУ НАКРАТКО

**Буџетот изнесува околу 1% од вкупниот бруто национален приход[2] на Европската Унија.**

И покрај тоа што ова изгледа како многу мал дел, буџетот во просек изнесува околу 140 милијарди евра секоја година, или педесет и шест пати повеќе од годишниот буџет на Македонија[3].

Доколку мудро се трошат, парите можат да донесат голем број придобивки за жителите на Европа. Меѓутоа, за да се случи тоа, мора да се определат приоритетите за **квалитетот на инвестициите**, наместо за нивниот квантитет – треба да прашаме **за што** се плаќа од буџетот на Европската Унија и **зошто**, бидејќи резултатите од трошењето се директно поврзани со нашиот квалитет на живот.



**1%** од вкупниот бруто националниот приход на ЕУ

годишниот буџет на Македонија

Европската Унија има група на приоритети кои се наведени во нејзината т.н. стратегија „Европа 2020“ (види на десната страна). Најголем дел од нив се долгорочни цели и како такви, бараат долгорочно финансирање. На секои седум години, Европската Унија определува „финансиска рамка“, која во основа е план за тоа како да се троши буџетот. Тековната финансиска **рамка започна во 2007 година и ќе заврши во 2013 година**, и за тоа време ќе се потрошат околу **илјада милијарди евра** во Европа и надвор од неа.




976 милијарди евра

1 025 милијарди евра (предложен буџет за периодот)

# ОД КАДЕ ДОАЃААТ ПАРИТЕ?



**76 %** од буџетот се засновани на националниот придонес на земјата- членка (според БНП, што значи дека земјите со посилна економија повеќе придонесуваат кон буџетот)

Даноците кои се одредени за стоките кои Европа ги увезува сочинуваат **12 %** од буџетот

Данокот на додадена вредност, или ДДВ[4], придонесува со **11 %** од буџетот. Земјите на Европската Унија даваат околу една третина од еден процент од вкупниот приход кој го добиваат по основ на ДДВ

**1%** Друго

## ЦЕЛИ ЗА ИДНИНАТА – ЕВРОПА 2020

И покрај тоа што размислувањето за 2020 година можеби изгледа како неверојатна научна фантастика, постои силна потреба за долгорочно стратешко планирање. Идното управување со Европската Унија е јасно одредено од целите на т.н. стратегија Европа 2020, која ги дефинира целите кои земјите членки се согласија да ги остварат до крајот на деценијата:



**Вработување**

75 % од населението на возраст од 20-64 години да биде вработено

**Истражување и развој**

3 % од бруто домашниот производ на Европската Унија да се инвестира во овие области

**Климатски промени и енергија**

да се намалат емисиите на гасови со ефект на стаклена градина за 20% (во однос на 1990 година), да се произведе 20 % енергија од обновливи извори, и да се зголеми енергетската ефикасност за 20 %

**Образование**

да се намали стапката на прекинување на образованието под 10%, да се осигура дека најмалку 40 % од населението на возраст од 30-34 години има завршено трет степен на образование

**Сиромаштија и социјална исклученост**

да се намали бројот на сиромашни и социјално исклучени лица или лица кои се изложени на ризик од сиромаштија и социјална исклученост за најмалку 20 милиони

Националните придонеси кон буџетот на Европската Унија се приближно пропорционални на економскиот просперитет на секоја земја. Буџетот потоа се дели во соодветство со релевантните политики и заедничките приоритети. Постојат два термини кои често се користат за да се опише врската на една земја со буџетот на Европската Унија: „нето плаќачи“ се оние земји кои плаќаат повеќе отколку што примаат, додека „нето примачите“ добиваат повеќе отколку што придонесуваат. Сликата долу прикажува кој е кој во оваа смисла[5].




И покрај тоа што можеби изгледа дека „нето плаќачите“ посебната политика која крај со овој начин на функционирање, и за нив постојат голем број придобивки. Нето плаќачите имаат директна корист преку деловното работење во земјите кои се нето примачи, добивајќи тендери и продавајќи стоки. Индиректните придобивки, пак, доаѓаат од предностите на обединетиот пазар. Ова значи дека нема гранични контроли кои би ја попречиле трговијата со стоки, нема царински давачки кои би ги зголемиле трошоците за тие стоки; додека пак, заедничката валута е заштита против ризиците кои ги носат курсните разлики. Благодарение на придобивките од царинската унија, стоките и услугите продадени во рамките на ЕУ имаат повисока стапка на конкурентност. На пример, во 2010 година повеќе од 60 проценти од германските стоки се извезени во земјите на ЕУ.

Од друга страна, нето примачите имаат економска придобивка од посебната политика која ја поддржува додатната побарувачка на стоки и услуги увезени од „побогатите“ земји на Европската Унија. Како илустрација, за секое евро кое како нето износ од буџетот се инвестира во Полска, Чешка Република, Словачка или Унгарија, некои нето плаќачи во Европската Унија имаат придобивка од 61 цент кои потекнуваат од извозот[6].

## ЗОШТО ДАНОК ЗА ФИНАНСИСКИ ТРАНСАКЦИИ?

Во 2011 година, Европската Комисија поднесе предлог на нов можен ресурс за буџетот на Европската Унија. Новиот данок на финансиски трансакции (ДФТ) би можел да стане важен извор, намалувајќи го уделот на националните придонеси засновани на бруто националниот приход за една половина. Доколку се воведат многу мали даночни стапки за одредени финансиски трансакции кои вклучуваат, на пример, акции и обврзници (0,1 процент), или деривативи (0,01 процент), секоја година би можеле да се наплатат меѓу 50 и 60 милијарди евра, осигурувајќи дека придонесот на тој сектор ќе биде значителен и во строги економски услови. Повеќе податоци за ДФТ можат да се најдат на следнава веб страна: www.financialtransactiontax.eu.

# КАКО СЕ ТРОШАТ ПАРИТЕ?

Каде се трошат парите е претставено во сликата подолу[8]. Најголемиот дел од буџетот на ЕУ – преку 40 проценти (во моментов тоа се 408 милијарди евра достапни во периодот 2007 – 2013 година) – се троши на поддржување на земјоделството. Вообичаено најголемиот дел од парите за земјоделство оди на поддршка на Заедничката земјоделска политика на вропската Унија (ЗЗП). ЗЗП е предвидена да им обезбеди на потрошувачите квалитетна храна по објективни цени, да го поддржи руралниот развој, да го заштити руралното наследство, да ја почитува животната средина и да осигура хуманост кон животните. Сепак, голем дел од ЗЗП се троши на активности кои ја оштетуваат животнаат средина, како што се индустријализирано производство на храна или труење на почвата со прекумерно ѓубрење. И покрај тоа што земјоделството е најзависно од квалитетот на животната средина, земјоделската поддршка од буџетот на Европската Унија сеуште не е условена со високи еколошки стандарди, и многу малку пари се трошат на наменски, добро осмислени и добро применети мерки за заштита.



41 % Земјоделски политики

35 % Структурни фондови

12 % Политики за конкурентност

6 % Администрација

6 % Глобални предизвици

1 % Граѓанство

Со повеќе од една третина од буџетот на Европската Унија (374 милијарди евра за периодот од 2007 – 2013 година), вториот по големина дел од буџетот се т.н. структурни фондови. Овие фондови се користат за финансирање на политиката за регионален развој на Европската Унија, чија главна цел е да ја намали нееднаквоста во смисол на приход, богатство и развој ширум Европа. Структурните фондови се поделени на:



Европски фонд за регионален развој

Кохезионен фонд

Европски социјален фонд

Европскиот фонд за регионален развој обично обезбедува поддршка за местата каде бруто домашниот производ е понизок од 75 проценти од европскиот просек. Овие помалку развиени области имаат корист од фондовите на Европската Унија во форма на инвестиции во инфраструктурата, во уредувањето на урбаните области, поддршката на малите и средни бизниси кои креираат нови работни места или преку подобрувањето на условите на локалните пазари на трудот.

## РАСПРЕДЕЛБА НА СТРУКТУРНИТЕ ФОНДОВИ

- помалку развиени региони (БДП понизок од 75 проценти од просечниот во ЕУ)
- региони во транзиција (БДП помеѓу 75 и 90 проценти од просечниот во ЕУ)
- поразвиени региони (БДП повисок од 90 проценти од просечниот во ЕУ)

| Во милијарди ЕУР[8] | |
|---|---|
| Помалку развиени региони | 163 |
| Региони во транзиција | 39 |
| Поразвиени региони | 53 |
| Кохезиони фондови | 68 |



## ИНВЕСТИЦИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ




И покрај тоа што се наменети да ги поддржат заедничките цели на Европската Унија, целите на структурните фондови редовно се занемаруваат од страна на Европските земји. На пример, како што покажува графиконот, најголемиот дел од кохезионите фондови отпаѓа на транспорт, и тоа најмногу на развојот на патни мрежи. Следствено, загадувањето предизвикано од автомобили се зголемува, вознемирувајќи ги луѓето и во градските и во руралните средини. Оддалечувањето од зависноста од патишта може да осигура почист воздух и да ја намали зависноста на Европа од нафта, но истовремено може и да креира нови работни места поврзани со преминувањето на други форми на транспорт. Давањето предност на патиштата пред другите форми на транспорт влијае на луѓето, посебно во Централна и Источна Европа, каде граѓаните зависат од јавниот транспорт, бидејќи во овој регион само еден на тројца луѓе поседува автомобил . Недостатокот на пари за јавен транспорт во тој случај најчесто значи откажување на железничките или автобуските линии.

патишта 54%
железници 31%
пристаништа и водни патишта 6%
повеќе-модален транспорт 3%
авиотранспорт 2%
урбан транспорт 2%
велосипедски патеки 1%
интелигентни системи 1%

Официјално 14 % од овие фондови на регионалната политика отпаѓаат на животната средина, но реално, премногу голем акцент е даден на решавањето на проблемите откако ќе се случат, наместо да се спречува нивното појавување. На пример, наместо градењето на постројки за третирање на отпадни води или инсинератори на отпад, кои го зголемуваат притисокот врз животната средина, треба да се даде приоритет на областите од кои граѓаните имаат директни придобивки. Подобрувањата на енергетската ефикасност, како што се топлинската изолација на Вашиот стан или куќа, може да ги намали Вашите сметки за енергија и да создаде нови работни места и можности за бизнис; додека рециклирањето и подобреното управување со отпадот го прават воздухот почист и животната средина поздрава.

## НО ПОСТОЈАТ И ДОБРИ ПРИМЕРИ ЗА ТРОШЕЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ПАРИ

### Основно училиште во Сливенец, Прага, Чешка Република

Пред 2007 година, децата во училиштето во Сливенец не уживаа многу во школувањето. Во излитениот училишен ентериер недостасуваа и капацитети за учење и соодветни места за учителите и се трошеа огромни количества енергија. Благодарение на Европскиот фонд за регионален развој, локалната општина доби можност да ангажира архитекти кои го претворија училиштето во модерна и енергетски ефикасна зграда. Проектот сега е во согласност со новите стандарди за ниска потрошувачка на енергија, и количеството на енергија која училиштето ја користи се намали за 90 проценти, а исто така се намалија и трошоците.

Постојат и други области кои Европската Унија ги поддржува. За да се зголеми конкурентноста на Европа во глобалната економија, пет проценти од буџетот се посветени на истражување и развој, а седум проценти ги поддржуваат заедничкиот пазар, образованието и обучувањето. Дел од парите оди и на проекти надвор од Европа. Инструментот за пред-пристапна помош[12] добива еден процент и го поддржува економскиот, социјалниот и руралниот развој на земјите кои се на пат кон придружување на Европската Унија, меѓу кои и Македонија. Исто така, еден процент од буџетот оди за Европскиот инструмент за соседство и партнерство кој е активен во земјите на поранешниот Советски Сојуз, Северна Африка и Блискиот Исток, помагајќи во демократизација и развивање пазарна економија, но во и областите како што се човекови права, одржлив развој и помовирање на граѓанско општество. Инструментот за развојна соработка добива два проценти од буџетот и во својата суштина има слични цели како и другите два погоре споменати инструменти, со тоа што фукнционира во 47 земји во развој на Латинска Америка, Азија, Заливскиот регион и Јужна Африка.

## ЛИСТА ОД ДЕСЕТ ТОЧКИ ЗА ИДНИТЕ РЕГИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ

Ако Европа има намера да се насочи кон одржлива економија за сите, идните фондови на Европската Унија треба да ги следат овие напатствија:

1. Да се осигураат заштеди на енергија и суровини
2. Да се поддржат обновливите извори на енергија
3. Да се инвестира во одржлива енергетска инфраструктура, како компјутеризирани мрежи и зелени технологии за складирање на енергија
4. Да се обнови домувањето и станбениот простор, и да се промовираат пасивни куќи
5. Да се развиваат напредни индустриски еко-иновативни производи и процеси
6. Да се придвижи кон декарбонизација на транспортниот сектор
7. Да се рециклира отпадот и да се промовира неговото намалување
8. Да се гради зелена инфраструктура и да се инвестира во заштитата и реставрацијата на хабитатите и екосистемите
9. Да се спречуваат инвестициите кои се штетни за луѓето и животната средина
10. Да се вклучат граѓаните во планирањето и трошењето на фондовите на Европската Унија

## КОЈ УПРАВУВА СО ПАРИТЕ?

Секоја година се подготвува годишен буџет според поширока, седум-годишна рамка. Европската Комисија предлага буџет до националните претставници во Советот на ЕУ како и до Европскиот Парламент. По преговорите меѓу нив, предлогот на Комисијата се усвојува.

Ова не значи дека сите одлуки за буџетот се донесуваат во Брисел. И покрај тоа што Европската Комисија е одговорна за буџетот, скоро 80 проценти се троши од страна на земјите членки. Националните влади имаат обврска да осигураат дека парите соодветно ќе се потрошат. Доколку не го направат тоа, Европската Комисија може да интервенира и, во некои случаи, дури и да ги суспендира или спречи плаќањата.

## РАКОВОДЕЊЕ СО БУЏЕТОТ НА ЕУ




Останува на секоја земја да одлучи како точно ќе ги потроши парите добиени од буџетот. Секоја земја подготвува национални стратегии и обврски, објаснувајќи како Европските цели планира да ги преточи во специфични планови, Партнерски договори и Оперативни програми (ОП). Во рамките на овие оперативни програми поставени се конкретни приоритети и цели за инвестиции. Потоа честопати останува на регионалните власти да ги спроведат оперативните програми преку избирање на индивидуални проекти кои се најсоодветни на приоритетните критериуми, истовремено земајќи ги предвид и конкретните потреби на нивниот регион. На сличен начин се управува со средствата кои во Македонија доаѓаат преку Инструментот за пред-пристапна помош.

# КОЈ МОЖЕ ДА УЧЕСТВУВА?

Во обид да го управува и троши Европскиот буџет поефективно и поефикасно, Европската Комисија пред извесно време го ревидираше својот т.н. принцип за партнерство. Ова значи дека одлуките кои се донесуваат на локално ниво за буџетот на Европската Унија треба да вклучат различни партнери: здруженија, не-профитни организации, претпријатија и синдикати. Таква вклученост ги доближува политиките на Европската Унија до луѓето на Европа и ја зајакнува довербата во институциите кои ги развиваат и реализираат. Учеството на јавноста исто така помага за превенција од измами и злоупотреба на парите. Првиот чекор кон учеството на јавноста е да се даде пристап до информациите, после што граѓаните се во можност да донесат одлуки засновани на информации во врска со трошењето на средства кое сакаат да се случува во нивната заедница.

# ПОСТОЈАТ НЕКОЛКУ НАЧИНИ ЗА ДИРЕКТНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЦЕСОТ:

## За време на програмирањето

кога земјата одлучува како да ги троши парите, силното јавно мнение и информациите од луѓето кои се вклучени е мошне корисно. Граѓаните можат да влијаат на локалните, регионалните, дури и на националните одлуки и на донесувачите на одлуки преку предлагање на свои решенија, поддржувајќи ги ставовите на невладините организации и преку барање на одговорно делување.

## За време на реализацијата

најголем дел проектите се реализираат на регионално ниво, такашто обврска на Вашата општина е да предлага, да надгледува и да осигура дека сè оди според планираното. Доколку се сомневате дека постои било каква злоупотреба, обратете се на мониторинг организациите кои[13] ќе ја испитаат ситуацијата.

## Преку станување корисник

ако сте претприемач или организација која бара средства за финансирање, можно е да има пари кои се достапни за Вас. Иновативните идеи секогаш се добредојдени!

# ОСИГУРАЈТЕ ПОСВЕТЛА ИДНИНА ЗА ЕВРОПА

Се чини дека времињата полека се менуваат. Во моментов, Европската Комисија предлага во следниот седумгодишен буџетски период, кој започнува во 2014 година, најмалку 20 проценти од целиот буџет на Европската Унија (околу 205 милијарди евра) да се искористи за справување со предизвиците на глобалното затоплување и за заштита на животната средина. Бидејќи обемот на проблемот не е ограничен само на животната средина, ова ќе значи и дека се неопходни инвестиции во формалното и неформалното образование, транспортот и земјоделството.

Во почетокот на 2013 година, ќе се донесат крајните одлуки за идниот буџет на Европа, а во Македонија ќе се донесат одлуките за искористувањето на Европските пари. Од Вас зависи што Европските пари ќе и донесат на македонската јавност. Кажете го своето.

Повеќе информации можете да најдете на

**www.bankwatch.org/natprevar**

**www.bankwatch.org/eufunds**

1 Сите Европјани индиректно придонесуваат кон буџетот на Европската Унија со купување на стоки и услуги, или преку плаќање на локални даноци. Годишниот просек на данок во 2012 по глава жител ќе изнесува 294 ЕУР (споредено со 585 ЕУР по граѓанин во Македонија).

2 Бруто национален приход (БНП) претставува приходот на сите домаќинства во Европа во одреден временски период (најчесто една година). Вообичаено се користи како индикатор за економската состојба на земјата, како и за да се измери животниот стандард на земјата.

3 Двата износи за буџетите се за 2012 година.

4 На англиски јазик терминот гласи: Value Added Tax – VAT (заб.прев.)

5 Европска Комисија, Директорат за буџет и финансиско програмирање: Финансиски извештај 2010, Брисел 2011.

6 Полско Министерство за регионален развој, Институт за структурни истражувања: „Евалуација на придобивките на ЕУ-15 земјите која резултира со имплементација на Кохезионата политика во земјите од Вишеградската група", Варшава, 2012.

7 На англиски јазик терминот гласи: Financial Transaction Tax (FTT) (заб.прев.)

8 Европска Комисија, Директорат за буџет и финансиско програмирање, „Нови фондови, подобри правила", Брисел, 2008.

9 На англиски јазик терминот гласи: CAP – Common Agricultural Policy (заб.прев.)

10 Европска Комисија. Cohesion Policy 201-2020: Investment in Growth and Jobs. Луксембург, 2011.

11 Европска Комисија. Евростат. „Стапката на моторизација по NUTS 2 региони од 01 јануари 2009 година".

12 На англиски јазик називот на Инструментот за пред-пристапна помош е Instrument for Pre-Accession (скратено: IPA) (заб.прев)

13 На англиски јазик терминот гласи: watch-dog organizations (заб.прев.)

Оваа публикација е издадена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е одговорност исклучиво на CEE Bankwatch и во ниеден случај не може да се смета дека ги отсликува ставовите на Европската Унија.

Европа и нејзините жители треба да одлучат во какво општество би сакале да живеат и како би ги задоволиле основните потреби во иднина. Парите од буџетот на Европската Унија имаат клучна улога, со оглед на тоа што одлуките кои се донесуваат денес ќе ги дадат насоките на Европа за следните децении. И покрај тоа што одлуките кои се донесуваат во Брисел можат да се чинат како да се од некоја друга планета, тие сепак имаат влијание на тоа како секоја од земјите се однесува, па дури и на изборите кои се прават во Вашиот регион. Се надеваме дека овој водич ќе Ви овозможи подобро разбирање на тоа што е буџетот на Европската Унија, како функционира и како Вие можете да се вклучите во процесот.

Повеќе информации можете да најдете на

www.bankwatch.org/natprevar

CEE bankwatch network
јули 2012